<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">ПРАВО НА ОСИГУРУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТРАНСАКЦИИ</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">5082803</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">ДЕЛОВНО ПРАВО</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет)</td><td colspan="4">II</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>Прва година, втор семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>6 (шест )</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Родна Живковска<br>Проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска<br>Проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска<br>Проф. д-р Тина Пржеска<br>Проф. д-р Ненад Гавриловиќ<br>Проф. д-р Неда Здравева<br>Доц. д-р Милка Ракочевиќ</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td rowspan="2">10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):</td></tr>
<tr><td colspan="5">Со изучување на предметот студентите ќе се стекнат со знаења за основите системот за обезбедување на трансакциите (побарувањата). Истовремено ќе се обучат да ги препознаат и разликуваат различните видови личноправни, стварноправни и извршноправни средства за обезбедување на побарувањата. Студентите треба да се запознаат со поимот, карактеристиките, видовите и модалитетите на остарување на средствата за обезбедување на побарувањата. Целта на предметната програма, оттаму, е да им ги презентира на студентите различните методи на остварување на побарувањата, а во смисла на зголемување на степенот на правната сигурност на прометот.<br><br>Изучувањето на овој предмет на правниците ќе им овозможи:<br><br>• продлабочено запознавање на видовите средства за обезбедување и осигурување на трансакциите</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | • изведување и специфицирање на разликите и примената на различните инструменти на обезбедување и осигурување<br>• изучување на нови методи за обезбедување и осигурување, како ефикасен пандан на долготрајното парничење и присилно извршување<br>• висок степен на стручно знаење во широката и перспективна област. | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Во современиот промет, и покрај високиот степен на стабилност на трансакциите (побарувањата), не постои совршена сигурност дека тие ќе бидат доброволно, целосно и правилно извршени. Оттаму и потребата од дополнително зајакнување на деловните трансакции со инструментите на обезбедување (осигурување) на трансакциите. Сево ова постои заради амортизација на ризикот. Дисциплината ги содржи начелните теоретски и разработените практични аспекти на личноправните, стварноправните и извршноправните средства за обезбедување на побарувањата. Во рамките на предметната програма се изучуваат посебните видови личноправни средства за обезбедување (гаранција, меница, акредитив и сл.), стварноправни средства за обезбедување (залог, кауција и сл.) и извршноправни средства за обезбедување (фидуцијарен пренос на правото на сопственост, привремени мерки и сл.). | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици по 3,5 часа. Секоја тематска единица започнува со поврзување на претходно стекнатите знаења на студентите. На почетокот се поставуваат прашања кои служат за поттикнување на истражувања од конкретната проблематика. Се очекува студентите да бидат поттикнати на интерактивност. Наставата ќе се изведува преку интерактивни предавања, практични вежби, симулации и анализа на случаи, видео-презентации, посета на релевантни институции, играње на улоги, и преку предавања на практичари од областа на индустриската сопственост.<br><br>Наставните содржини кои се обработуваат во рамките на предметната програма се наведени како тематски целини, како часовите во тековната недела би биле тематски обоени и конципирани. Теоретскиот дел од наставата кој е планиран за часовите е целно именуван, во смисла на знаењата кои треба да се стекнат во текот на часовите.<br><br>Основниот дел од наставата ќе се одвива во вид на предавања што ќе се држат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Дел од наставните содржини ќе биде презентиран од страна на професорите и соработниците, додека за дел од наставните содржини ќе гостуваат со свои предавања истакнати експерти од практиката. |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 ЧАСА |
| **14.** | **Распределба на** | 52,5+0+17,5+0+80 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **расположливото време** | | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17.** | **Начин на оценување** | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | 20 |
| | **17.3** | **Активност и учество** | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | / | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.** | **Литература** | | | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Р. Живковска | Стварно право | Европа 92 | 2005 |
| | | **2.** | Р. Живковска | Збирка на прописи од стварното право | Европа 92 | 2010 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **3.** | Р. Живковска, Т. Пржеска | Стварноправни средства за обезбедување на побарувањата (авторизирани предавања) | / | / |
| | | **4.** | Галев, Г. и Дабовиќ-Анастасовска, Ј. | Облигационо право | Просветно дело | 2012 |
| | | **5.** | Дабовиќ-Анастасовска, Ј. и Гавриловиќ, Н. | Личноправни и стварноправни средства за обезбедување на побарувањата, Деловно право, бр. 18 | Здружение на правници на РМ | 2008 |
| | | **6.** | Клунцингер, Е. | Основи на трговското право | Арс Ламина | 2012 |
| | | **7.** | А. Јаневски, Т. Зороска Камиловска | Обезбедување на побарувањата според Законот за обезбедување на побарувањата | Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет от „Св. Кирил и Методиј“ | 2010 |
| | | **8.** | | | | |
| | | **9.** | | | | |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | И. Пико | Заложно право | Арс ламина | 2011 |
| | | **2.** | Lucas, D.J., Goodman, L.S., and Fabozzi, F.J. | Collateralized Debt Obligations: Structures and Analysis | John Wiley & Sons | 2006 |
| | | **3.** | Josipović, T., red. | Zaštita vjerovnika: stvarnopravno, obveznopravno i ovršnopravno osiguranje tražbina | Narodne novine | 2005 |
| | | **4.** | M. Dika | Građansko ovršno parvo | Narodne novine | 2007 |